Врз основа на член 20-г став 1, член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8, став 13, и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 14 став 2, член 22 став 1 алинеја 1, член 23, член 24, член 25, член 26, член 27 и од Законот за работни односи („Службен Весник на РМ" број.167/2015, 27/16, 134/2016, 120/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20 и 151/21) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019 година, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1/1 од 02.03.2020 година , 01-4510/2 од 10.11.2020 година, 01-4583/2 од 01.12.2020 година, 01-5091/2 од 18.12.2020 година, 01-70/2 од 05.01.2021 година, 01-863/2 од 12.02.2021 година , 01-877/3 од 17.02.2021 година,01-3372/2 од 09.07.2021 година, 01-5171/2 од 18.11.2021 година, 01-5172/2 од 12.11.2021 година , 01-5292/2 од 12.11.2021 година и 01-5784/2 од 13.12.2021 година., Министерството за животна средина и просторно планирање објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ- 2/2022**

**за вработување на (6) шест извршители на определено време за период до 31.12.2022 година во Министерството за животна средина и просторно планирање**

Министерството за животна средина и просторно планирање објавува Јавен оглас за вработување/засновање на работен однос за шест (6) извршители на определено време за период до 31.12.2022 за следните работни места:

1. Виш соработник за Комплетирање на материјали за Седници на Влада и Соработка со Влада на Република Македонија, Генерален Секретаријат и нивна евиденција, Одделение за координација на активностите на Министерот, Сектор за координација на работата на министер – 1 (еден) извршител;

2. Помлад соработник за админитративно-оперативна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи - 1 (еден) извршител;

3. Помлад соработник за остварување на меѓународна соработка, Одделение за меѓународна соработка, Сектор координација на работата на Министерот - 1 (еден) извршител;

4. Помлад референт за документација, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи - 1 (еден) извршител;

5. Помлад референт за евиденција (статистичка), Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања – 1 (еден) изршител;

6. Помлад соработник за прибирање и обработка на геопросторни податоци, Одделение за картографија и далечинска детекција, Служба за просторен информативен центар – 1 (еден) извршител.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолентен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај општите услови предвидени во Закон, потребно е да ги исполнат и:

**За работното место од точката 1 потребни квалификации:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, од областа Правни науки, Јавна управа и администрација, Економски науки
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- најмалку две години работно искуство во струката,
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 24.715,00 денари

**За работното место од точката 2 потребни квалификации:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, од областа Економски науки , Правни науки, Јавна управа и администрација

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- со или без работно искуство во струката
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 22.283,00 денари

**За работното место од точката 3 потребни квалификации:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, од областа Правни науки, Јавна управа и администрација, Политички науки
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- со или без работно искуство во струката
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 22.283,00 денари

**За работното место од точката 4 потребни квалификации:**

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- со или без работно искуство во струката
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 18.160,00 денари

**За работното место од точката 5 потребни квалификации:**

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО  или најмалку вишо или средно образование
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцelариско работење
- со или без работно искуство во струката
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата  18.160,00 денари

**За работното место од точката 6 потребни квалификации:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, од областа Геодезија, Градежништво и водостопанство, Информатика
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- со или без работно искуство во струката
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата  22.283,00 денари

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за аплицирање. Кандидатите со пријавата за учество треба да ги достават доказите за исполнување на условите во оригинална форма или копија заверена кај нотар. Во пријавата задолжително да се запише и да се наведе работното место за кое се аплицира. Потребната документација да се достави до Архивата на министерството или по пошта на следнава адреса: "бул.Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање, Одделение за управување со човечки ресурси (со назнака „за оглас бр.2/2022")".

Рокот за доставување на потребната документација е три дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремена и нецелосна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување.
По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведените работни места, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерство за животна средина и просторно планирање, по што ќе биде направен конечниот избор .

Министерство за животна средина
и просторно планирање